Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/14, 5/16, 142/61, 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 14/20....208/24), а согласно Правилникот за систематизација на работните места на Општина Велес бр.01-2888/1 од 12.06.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Велес бр.01-1837/1 од 20.03.2025 година, Секретарот на Општина Велес, донесе

**О Д Л У К А**

***за избор на кандидат за административен службеник***
***по пат на унапредување***

**1**.Со оваа Одлука **се врши избор** на извршител за работно место: Раководител на одделние за комунални работи и сообраќај, Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој, на кандидатот:

- **Јадранка Илијева**

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и по конечноста на оваа Одлука на избраниот кандидат ќе му се издаде решение за унапредување на административен службеник.

3. Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата на општината.

**О б р а з л о ж е н и е**

Општина Велес спроведе постапка за унапредување на административен службеник во Општина Велес, за следното работно место:

Раководител на одделние за комунални работи и сообраќај, Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој - 1 извршител.

Интерниот оглас беше објавен на веб страната на Општина Велес на ден 09.03.2026 година. Од страна на посебно формирана Комисија, на ден 25.03.2026 година, во просториите на Агенција за администрација спроведена е административна селекција. На огласот е пријавен вкупно 1(еден) кандидат, кој ги исполнува општите услови за прием на административни службеници, согласно одредбите од Законот за административни службеници и посебните услови предвидени во Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Велес и Правилникот за изменување и дополнување Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Велес, по пат на унапредување.

Комисијата за селекција спроведе административна селекција со Записникот бр. 04-1253/8 од 25.03.2026 година, а од страна на Секретарот на Општина Велес спроведено е интервју со Записникот за спроведено интервју бр. 04-1253/9 од 25.03.2026 година. Од страна на Комисијата за селекција изготвена е финална ранг листа со предлог одлука за избор и му предлага на Секретарот на општината да изврши избор на прво рангираниот кандидат.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**<u>Правна поука:</u>** Против Одлуката, има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на институцијата.

Број 04-1253/11
27.03.2026 година
Велес

Секретар
на Општина Велес
Панче Јанев

Доставено до:
*-Архива*
*-Кандидатот*